# СЛУЖБЕ Н Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба | Број 3<br><br>07.03.2022 | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа „(Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10 ,08/2014,02/18, 03/19 и 08/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 04.03.202 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства за помош на народот на Украина во војната со Руската федерација**

Член 1

Со оваа Одлука, Советот на Општина Крива Паланка, доделува 100.000,00 денари на име „ Средства за помош на народот на Украина во војната со Руската федерација„**.**

Член 2

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2022 година согласно Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива паланка бр. 09- 3981/5 од 27.12.2021 година и 09-550/5 од 28.02.2022 – Програма АО-Совет расходно конто 412 постаојани резерви и истите ќе бидат уплатени на сметка на Амбасадата на Украина во Република Северна Македонија со бр.300009001843215 во Комерцијална банка АД Скопје со цел на дознака „Средства за помош на народот на Украина во војната со Руската федерација„ .

Член 3

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 697/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**04.03.2022 год.** **Претседател,**

**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на финансиски средства за помош на народот на Украина во војната со Руската федерација**

1. Се објавува Одлука за доделување на финансиски средства за помош на народот на Украина во војната со Руската федерација , што Советот ја донесе на вонредната седница , одржана на ден 04.03.2022 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 697/4** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**07.03.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

**С О Д Р Ж И Н А**

**1.Одлука а доделување на финансиски средства за помош на народот на Украина во војната со Руската федерација ..........................................................................1**

**2.Заклучок за објавување Одлука за доделување на финансиски средства за помош на народот на Украина во војната со Руската федерација ...............................................2**